# ЗАПИСНИК
# ОД ЕДИНАЕСЕТТИОТ СОСТАНОК НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА РЕФОРМА НА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
# ОДРЖАН НА 29.06.2023
# ВО КЛУБ НА ПРАТЕНИЦИ

Присутни:
Александар Бајдевски (МИОА), Есма Адиловиќ Фазлиќ (МИОА), Добре Јанчев (Агенција за администрација), Ардита Дема Мехмети (ЗЕЛС), Митко Јанкулоски (Министерство за локална самоуправа), Александра Лулкоска (Министерство за финансии), Снежана Наџаковска (Секретаријат за законодавство), Маја Маљановска (Министерство за правда), Калинка Габер (Генерален Секретаријат), Сузана Никодијевиќ Филиповска, (Генерален секретаријат), Емилија Чукиќ (МИОА), Александра Недева(МТСП), Мирослав Гроздановски (МИОА), Христина Конеска Бероска (СЕП), Кирил Ангелов (СЕП), Ангела Саплиева (МИОА).

Единаесетиот состанок на Секретаријатот за РЈА започна со воведно обраќање на претседавачот Александар Бајдевски, заменик министер за информатичко општество и администрација, кој ги поздрави присутните членови и им се заблагодари на присуството и потоа го предложи дневниот ред на единаесеттиот состанок на Секретаријатот за РЈА.

Дневен ред

1. Усвојување на Записникот од десеттата седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација, одржана на ден 13.07.2022 година;

2. Разгледување на Петтиот годишен извештај за имплементација на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 – 2022) за 2022 година;

3. Информација за новата Стратегија за реформа на јавна администрација 2023 - 2030 со акциски план

4. Разно (прашања/предлози)

Во однос на точка 1 „Усвојување на Записникот од десеттата седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација" никој од присутните немаше забелешки, по што истиот беше усвоен.

Во однос на точка 2, Разгледување на Петтиот годишен извештај за имплементација на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 – 2022) за 2022 година, претседавачот Бајдевски и даде збор на Есма Адиловиќ Фазлиќ од МИОА. Од страна на Адиловиќ Фазлиќ беше презентиран нацрт извештајот. Наведено беше дека од вкупно 31 активност за која се известува во период јануари – декември 2022 година целосно спроведени се 15 активности, а доцнат со реализација 16 активности. Наведе дека степенот на реализација на временската рамка за 2022 година е 48%, а за периодот од 2018 - 2022 година е 63%. Во однос на финансиите, наведе дека вкупно потрошени средства за имплементација на АП од СРЈА 2018-2022 за 2022 година се 190.129.409 денари, од кои по беше направен преглед по области.

Голем дел од мерките и активностите од имплементацијата на АП и во текот на 2022 година не биле реализирани бидејќи се поврзани со донесување на измени и дополнување или носење нова законска регулатива. Ја истакна неопходноста од електронска алатка за прибирање на податоци со цел олеснето прибирање, пребарување на податоци, анализа, подготовка на извештаи, архивирање на документи, операции за кои во регуларни околности се троши многу време, ресурси и труд. Во однос на мерење на индикаторите наведе дека користењето на меѓународните индикатори укажало на тоа дека нивното мерење не се совпаѓа со процесот на известување за имплементација на АП на СРЈА, па некои индикатори подготвени од самите надлежни институции не можат да бидат измерени бидејќи не располагаат со потребните податоци.

По презентацијата, претседавачот отвори дискусија.

Калинка Габер од ГС наведе дека на претходната седница на Секретаријатот предложила да се направи преглед на активности кои доцнат, а кои се уште не се почнати или воопшто нема да почнат поради завршување на Стратегијата. Во однос на слајдот од презентацијата на кој се прикажани финансиските податоци, наведе дека подобро е да бидат прикажани во проценти. Наведе и дека впечатокот од презентацијата е дека се прикажани само резултатите кои МИОА ги има постиганато, а не и останатите институции.

Есма Адиловиќ од МИОА наведе дека проблемот при известувањето на активности кои доцнат, односно активности кои воопшто не се почнати, настанал поради тоа што кога била направена ревизијата на Акцискиот план роковите биле поместени.

Бајдевски наведе дека извештајот ќе биде ревидиран согласно овие коментари, па ќе биде проследен на разгледување на седница на Советот за РЈА, а потоа и на седница на Влада. Бидејќи никој немаше понатамошни забелешки, петтиот годишен извештај беше усвоен.

Во однос на точка 3, Информација за новата Стратегија за реформа на јавна администрација 2023 - 2030 со акциски план, Бајдевски наведе дека ќе им даде збор на секој од координаторите на приоритетните области од Стратегијата накратко да презентираат. Поради тоа што координаорот на четвртата приоритетна област Никола Николов не беше присутен, наведе дека неговата презентација ќе биде презентирана од Мирослав Гроздановски.

Во првата приоритетна област Креирање на политики и координација, Бајдевски и даде збор на  Сузана Никодијевиќ од ГС. Наведе дека во оваа област општа цел е ефективно, ефикасно, транспарентно, инклузивно креирани политики базирани на докази, а посебните цели се воспоставен конзистентен и функционален систем за креирање политики и донесување

закони и големена транспарентност, инклузивност и партиципативност во процесот на креирање политики и подготовка на закони.

Во втората приоритетна област Јавна служба и управување со човечки ресурси, Бајдевски и даде збор на Емилија Чукиќ од МИОА. Чукиќ наведе дека во оваа област општата цел е деполитизирана, професионална и стручна јавна администрација, а посебните цели се деполитизација на јавната администрација, професионална јавна администрација (развој на професија - административен службеник), обезбедување квалитет и стручност на јавната администрација и воспоставување на унифициран и кохерентен систем на плати во јавниот сектор. Ги образложи мерките од акцискиот план планирани за постинување на посебните цели.

Во третата приоритетна област Одговорност отчетност и транспарентност Бајдевски и даде збор на Љупка Ивановски од МИОА. Во оваа област, општата цел е одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите, а посебните цели кохерентна и оптимизирана државна управа, подобрена ефикасност на управните постапки, зајакнат интегритет на институциите, зголемена транспарентност на институциите на државно и локално ниво и создавање на поволно опкружување за користење на податоците од јавниот сектор. Ги образложи мерките од акцискиот план планирани за постинување на овие посебни цели.

Во четвртата приоритетна област Давање услуги и дигитална трансформација Бајдевски му даде збор на Мирослав Гроздановски од МИОА. Во оваа област општа цел е дигитализирана јавна администрација, а посебни цели се дигитална средина за подобро работење на администрацијата и зголемен квалитет и достапност до услугите. Гроздановски образложи околу предизвиците поврзани со законската рамка, техничката рамка(инфраструктура) и организациската и институционалната рамка.

По презентациите, претседавачот Бајдевски отвори дискусија.

Во однос на точка 6 „Разно прашања/предлози“  Бајдевски отвори расправа. Бидејќи никој од присутните немаше прашања и предлози, Бајдевски им се заблагодари на присутните, по што ја затвори единаесеттата седница.